Врз основа на член 19 од Законот за ревизија (Сл. весник на Република Македонија бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14,145/15,192/15, 23/16 и 83/18) и член 25 став (7) алинеа 8) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на 02.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, Пречистен текст, бр. 0202-383/04 од 14.12.2018 година.

**Член 2**

Се менува член 6 став (3) од Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ и гласи:

,, (3) Висината на надоместокот што го плаќа субјект за спроведување на проверка на контрола на квалитет од ставот (1) и ставот (2) од овој член, изнесува 1.850,00 денари по ефективен работен час по контролор на квалитет поминат на проверката на контрола на квалитет.,,

**Член 3**

Оваа Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија стапува на сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот.

Драган Димитров
Претседател на ИОРРМ

*На 26.07.2019 година, СУНРРSМ даде согласност на Одлуката за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Македонија*